**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Одделение за урбанизам,архитектура,градежништво
и заштита на животната средина
Бр.11-652/3 од 11.09.2023 год.

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23), ја издава следнава

**П О Т В Р Д А**
**за заверка на одобрена проектна програма**

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е 1.6 атмосферска и фекална канализациона инфраструктура за ул.„Ѓоко Тутушев“, општина Гевгелија.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Барателот општина Гевгелија преку „Доаминг“ ЈТД Радовиш, во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.55316) поднесе барање за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е 1.6 атмосферска и фекална канализациона инфраструктура за ул.„Ѓоко Тутушев“, општина Гевгелија, заведена под архивски број 11-652/1 од 07.09.2023 година, изработена од „Доаминг“ ЈТД Радовиш.

Со барањето ја приложи следната документација:
1. Проектна програма со тех. бр.08-76/6 од 07.09.2023 година, изработена од„Доаминг“ ЈТД Радовиш.
2. Графички приказ на Проектната програма со граница на проектен опфат.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение бр.11-94/1 од 07.02.2022 год. по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување бр. 11-652/2 од 07.09.2023 година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид во приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20, 111/23), и врз основа на ова се одобрува проектната програма и се врши заверка на истата.

Градоначалник
на општина Гевгелија
**Андон Сарамандов**

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2023.09.11 16:07:54 +02'00'